SCOOP CIJ-MACEDONIA

Центар за истражувачко новинарство СКУП Македонија

Поддржувајќи го истражувачкото новинарство...










Search

# СТРАЗБУР – САТИСФАКЦИЈА ЗА МАКЕДОНСКОТО НЕПРАВЕДНО СУДСТВО (целосна верзија)

May 2, 2017 СКУП Македонија Истражување клевета



**Слободата на изразувањето вклучува можност за провокации кога се работи за теми кои се од интерес на јавноста. Но, македонските судови при донесувањето на пресудите ретко ја почитуваат практиката на Судот за човекови права**

**Автори:**

**Даниела Трпчевска, новинар уредник**

**Ангела Рајчевска, новинар репортер**

Македонските политичари, јавни личности, бизнисмени, па и дел од новинарите, не само што чувствуваат поголема душевна болка од обичните граѓани, туку и лесно се одлучуваат да тужат. Судовите пак, од друга страна се чини им ја олеснуваат ваквата пракса на застрашување, прифаќајќи ги и тужбите во кои, според искуствата од Стразбур, нема основи за клевета и навреда.

*„Лакрдијаш, идиот, простак!“* Доколку овие зборови некогаш ги употребите во текст, колумна или коментар на текст во некој од медиумите во земјава, лесно може да се случи да завршите на суд поради навреда и клевета. Додека за Судот во Стразбур ваквите термини се прифатливи, доколку не станува збор за личен напад на некоја јавна личност, кај нас можат да бидат повод за тужба која може да ве чини и по неколку илјади евра.

**МАКРАДУЛИ, ГЕЛЕВСКИ, ФОКУС ЧЕКААТ АБЕР ОД СТРАЗБУР**

Разочарани од исходот на судските процеси, високите парични казни, долгите и мачни постапки, непримената на европските судски искуства и практики, се поголем број граѓани се одлучуваат да ја побараат правдата пред Судот за човекови права во Стразбур.

Иако во земјава и пред и по донесувањето на Законот за декриминализација „врие“ од тужби за навреда и клевета, ваквите предмети ретко завршуваат пред европскиот суд. Всушност, може да се каже дека Македонија досега немаше ниту еден предмет кој се однесува директно на повреда на член 10 – слобода на изразување од Европската конвенција на човекови права и слободи. Но, во наредниот период се очекува да бидат поднесени лавина тужби по овој основ, но и бидат донесени првите пресуди за двете апликациите кои веќе се поднесени до Стразбур – случајот **„Гелевски“** и **„Макрадули“.** За разлика од кај нас, предмети поврзани со повредата на член 10 од Европската конвенција за човекови права и слободи, а која се однесува на слободата на изразување, често се среќаваат во практиката на Судот во Стразбур. Најголемиот број од апликациите се однесуваат на развиени земји со долга демократска традиција, како Германија, Италија, Австрија, Франција, Шпанија. Предничи Велика Британија, иако станува збор за земја која што може да се пофали со голема слобода на медиумите, но и голем број тужби токму по основ на загрозување.

Според Бирото за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП, по членот 10 досега се поднесени апликации за предметот на Никола Гелевски, како и две споени апликации поднесени од страна на Јани Макрадули, а за кои се уште се очекува донесување на пресуда. И Гелевски и Макрадули се уште немаат никаков абер за исходот од жалбите во Стразбур. Пред овој суд „моралната сатисфакција“ се одлучија да ја побараат и уредничката на „Фокус“, ***Јадранка Костова*** и новинарот ***Владо Апостолов,*** повторно за пресуда за објавен текст каде случајот го доби тужителот – поранешниот шеф на тајната полиција, Сашо Мијалков.

*„И тој случај е правосилно заврши и сега е во Стразбур“,* вели нивниот адвокат ***Филип Медарски***.

Владиниот повереник ***Костадин Богданов*** вели дека ЕСЧП има сопствена методологија на работење и политика на постапување, па согласно тоа некои



*Филип Медарски*

предмети имаат приоритет пред другите. Вообичаено, приоритет им се дава на предметите кои се однесуваат на членот 2 (право на живот), членот 5 (право на слобода и безбедност), но и на апликации кои третираат некои други прашања кои налагаат итно постапување, но исклучиво по наоѓање на ЕСЧП. „Ова, од искуството на Бирото, не укажува на некој поголем застој во времето потребно за комуницирање на апликациите по член 10 и донесување на пресуда, а имајќи го предвид големиот број предмети кои се во фаза на постапување пред ЕСЧП", велат од Бирото за застапување. Единствено пресудата ***„Поповски"*** засега се однесува на случај на изнесување клеветнички искази објавени во напис во весник, како повреда на правото на почитување на угледот на апликантот опфатено со членот 8 (право на приватен и семеен живот), при што утврдена е и повреда на членот 6 (право на правично судење). Станува збор за жалбата на ***Ристо Поповски*** (вујко на Јован Вранишковски) поднесена против државата во 2007 година. Аппликацијата е поднесена поради судска постапка која претходно се водела во земјава за напис во ***„Утрински Весник"*** со наслов ***„Вујкото крадел, Јован чувал стража".*** Поповски се жалел пред странскиот суд дека постапката во Македонија била прекумерна и дека тужената држава, со оглед на неефикасноста на кривичната постапка за клевета, не успеала да го заштити правото на почитување на приватниот и семејниот живот. Со пресудата во Стразбур од 31 октомври 2013 година, државата на жалителот била обврзана да му исплати надомест од 4.500 евра како надомест на нематеријалната штета и 2.650 евра за трошоци и издатоци.

На 10 јануари годинава, Судот во Стразбур ја донесе и првата пресуда за Република Македонија во врска со слободата на изразување по жалбата на претседателот

на ЗНМ, **Насер Селмани** и останатите против Република Македонија, која беше објавена на 9 февруари. Пресудата за настаните од 24-ти декември 2012-та година, кога новинарите беа насилно избркани од галеријата на Собранието, според Селмани е потврда дека не се почитува слободата на изразување и прва пресуда со која се утврдува повредата на правото на слободно изразување и на фер судење.

**И НАД ПОПОТ ИМА ПОП**

Според најавите, наскоро на дневен ред би можел да се најде апликацијата на социјал-демократот ***Јани Макрадули,*** кој речиси две години чека исход од жалбата поднесена пред судот во Стразбур. Всушност станува збор за две апликации поднесени во септември 2011 и во април 2013 година, а кои биле „искомуницирани“ до Бирото на 12 мај 2015 година. Станува збор за две тужби поднесени од страна на поранешниот прв човек на УБК, **Сашо Мијалков**, кои што завршија со пресуда во негова корист – во првиот случај Макрадули требаше да му плати 520.000 денари или околу 8.500 евра на Мијалков. Тогашниот пратеник и потпретседател на Собранието, според пресудата, го наклеветил директорот на УБК дека ја злоупотребил опремата за прислушување. Макрадули го изгуби и вториот спор околу изјавите кој стои зад „атрактивата локација зад трговскиот центар Рамстор на која требаше да се гради хотелски комплекс“. И овој пат судот пресуди дека наштетил на честа и професионалниот углед на тужителот Мијалков. По ваквиот исход на судските постапки во Скопје, Макрадули се одлучил да „тропне“ на врата на судот во Стразбур со цел да докаже дека не сторил никаква клевета.

*„За мене најважно беше да заврши случајот. Сега ќе се жалам во Стразбур, зашто знам дека правдата е на моја страна и ќе го добијам случајот. Во Европа никој пратеник не може да биде осуден за клевета. Судот во Стразбур веќе донесе три пресуди во*

*корист на двајца*



Јани Макрадули

*пратеници од Шпанија и на еден од Португалија*“, изјави **Макрадули**, откако **Уставниот суд** го одби неговото барање за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот определени во член 110 алинеја 3 од Уставот што се однесуваат на слободата на мислата и јавното изразување на мислата и забрана на дискриминација на граѓаните по основ на политичка припадност.

Битката пред судовите, како и пред највисоката судска инстанца во земјава – Уставниот суд ја изгуби и колумнистот ***Никола Гелевски***. Главниот уредник на националната телевизија „Сител“ и главен и одговорен уредник на весникот „Вечер“ ***Драган Павловиќ Латас*** ја доби приватната тужба за навреда и клевета против некогашниот колумнист на „Утрински весник“, Никола Гелевски. Судскиот процес, кој траеше речиси една година, беше покренат поради текстот „Мегафоните од фиреровиот сокак“, побликуван на 31 март 2009, со кој Гелевски ги повредил чувствата на Латас.



Никола Гелевски

*„Решив токму од тврдоглавост, без големи очекувања да ја поднесам тужбата, само за да не се предадам, чисто за да докажам дека и над попот има поп – и дека сепак има правда некаде“,* вели

**Гелевски** за **СКУП**, кој исто така веќе две години го очекува исходот од одлуката на Стразбур.

Ова е еден од двата случаи кои што ги застапува адвокатот ***Филип Медарски***. Вториот спор е оној каде што тужител беше поранешниот шеф на тајната полиција, **Сашо Мијалков**, а осудени беа уредничката на **„Фокус“**, **Јадранка Костова** и новинарот **Владо Апостолов**. Тужбата беше поднесена во 2013 година поради два објавени текста, чии написи се засновани врз изјави на поранешниот амбасадор ***Игор Илиевски***, кој изнесува обвинувања против експефот на УБК. Сите правни можности околу пресудата беа исцрпени во земјава кога Уставниот суд го одби барањето на новинарите за заштита на слободите и правата, во врска со пресудата со која тие беа парично казнети за нарушување на честа и угледот на Мијалков.

Авторот на текстот ***Владо***




*Владо Апостолов*

***Апостолов*** вели дека и ден денеска не му е јасно зошто е донесена пресуда против него, кога немало никаква основа за тоа. *„Имавме изјава од амбасадорот којшто го обвинуваше Мијалков дека му вршел притисок, од Мијалков тогаш не добивме изјава, не ја добивме ни верзијата од демантот. Ја имаме само едната страна од приказната. На крајот на краиштата судот со тој процес, којшто имаше други технички проблеми да launch речеме или административни, не дозволи да се дознае вистината, а тоа ни е на нас работа“.*

*„Па од Стразбур не знам што може да очекувам, освен да се нотираат  недоследностите во процедурата, кои што дефинитивно ги имаше “*, додава **Апостолов**.

**РАЗЛИЧНИ АРШИНИ НА СУДОВИТЕ**

Главниот уредник на Фокус, **Јадранка Костова** присетувајќи се на мачниот судски процес вели дека судиите имаат различни аршини – почитуваат некои европските стандарди кога тужат пониските ешалони, но кога се во прашање функционери од висок профил тогаш за истите судии важат некои други правила.



*„Ние тоа го видовме кога Сашо Мијалков го тужеше колегата Владо Апостолов како автор на текстот и мене како главен уредник. Тужбата, првично беше примена како тужба од Сашо Мијалков без никаква идентификација кој е. Пробајте вие така да поднесете тужба, дали тоа ќе би помине. Најбанално е што од старт бевме осудени за пренесена изјава од екс-амбасадорот во Чешка. Според судската пресуда, излегува дека тој не е релевантен извор затоа што бил екс-амбасадор, но и бидејќи имал семејни проблеми не може да се третира како сериозен извор?!*, вели **Костова**.

Една година по започнувањето на процесот судот донесе одлука „Фокус" да му плати околу 9.000 евра обесштетување на Мијалков за нарушување на неговата чест и углед. За овој случај Костова и Апостолов аплицираа во Судот во Стразбур, но свесни се ги чека долг пат до правдата.

*„Додека се донесе пресуда може да поминат и пет години. Но, најголем проблем е што тоа нема никакво влијание врз функционерите кои тужат. Стразбур и да донесе одлука, оштетите се*

*исплаќаат од државниот буџет, а не од оној кој што го правел целото судско шоу за да добие некаква „тапија за углед“,* вели **Костова.**

**ПАТОТ ДО СТРАЗБУР Е ДОЛГ**

Судот во Стразбур се уште не се користи доволно како алатка за оспорување на одлуката на македонските судови, иако трите случаи од Македонија кои се во постапка, би можело да се каже дека се пионерски обиди за пробивање на тужбите за навреда и клевета пред овој суд. *„Реално патот е Стразбур е многу долг. Додека се средат сите работи во македонските судови поминуваат години и години. Но, најчесто кога ќе заврши целиот тој судски процес, па како и да завршил, најчесто се вели „Аман, само нека ми се тргне од грбот“. Мислам дека тоа е причината поради која што овие случаи не завршуваат во Стразбур*“, вели новинарката **Мери Јордановска**. Тоа што од судот најчесто може да се добие само морална поддршка и сатисфакција, но не и финансиска, е исто така причината поради која оштетените граѓани тешко се одлучуваат да ја бараат правдата надвор од земјава. *„Оние што се тужени доволно се изморени од целиот судски процес за да продолжат да тужат и пред европските судови“*, додава **Јордановска**.

**ЗА 15 ГОДИНИ ВКУПНО 719 ЖАЛБИ ДО ЕСЧП**



Правдата во Стразбур коректив за македонската неправда
ФАКТИ
3 апликации за повреда на член 10 - слобода на изразување
За 15 години вкупно 719 жалби до ЕСЧП
2 години се чека одлука за случаите Макрадули и Гелевски
ИЗЈАВИ
Јадранка Костова, главен уредник на Фокус
Стразбур и да донесе одлука, оштетите се исплакаат од државниот буџет, а не од оној кој што го правел целото судско шоу за да добие некаква „тапија за углед“
Мери Јордановска, новинар
„Реално патот е Стразбур е многу долг. Додека се средат сите работи во македонските судови поминуваат години и години. Но, најчесто кога ќе заврши судскиот процес, најчесто се вели „Аман, само нека ми се тргне од грбот“. Затоа и тешко се поднесуваат тужби до Европскиот суд
Никола Гелевски, колумнист
„Решив токму од тврдоглавост, без големи очекувања да ја поднесам тужбата, само за да не се предадам, чисто за да докажам дека и над попот има поп – и дека сепак има правда некаде“, вели Гелевски
ЕВРОПСКИ ИСКУСТВА
Костадин Богданов, владин повереник
По членот 10 досега се поднесени апликации за предметот на Никола Гелевски, како и две споени апликации поднесени од страна на Јани Макрадули, а за кои се уште се очекува донесување на пресуда.
Мирјана Лазарова Трајковска, поранешна судијка во ЕСЧП
Колку е важна слободата на изразување, може да видите и од фактот што во изминатите две години, од вкупно 40 пресуди на Големиот судски совет (кој ги утврдува најважните пресуди) 10 пресуди се поврзани за различни аспекти на слободата на изразување“
Маргарита Цаца Николовска, поранешна судијка во Стразбур
Во Македонија има обратна примена на праксата на Европскиот суд за човекови права.Политичарите во Македонија не сфатија дека тие се предмет на поголемо набљудување од страна на јавноста
powered by
Piktochart
make information beautiful

Бирото за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП не располага со статистички податоци колку од апликациите се однесуваат на жалби по член 10 од Европската конвенција за човекови права со кој се гарантира слободата на изразување, а во врска со постапки за клевета и навреда кои биле претходно водени пред македонските судови. Годините извештаи, како што објаснуваат од Бирото, не содржат детален преглед дали станува збор за постапки за клевета и навреда.

*„Истовремено, до Бирото не стигнуваат сите апликации поднесени во Стразбур против Република Македонија, туку само мал дел од нив за кои ЕСЧП ќе утврди дека ги исполниле критериумите за допуштеност од членот 35 од Конвенцијата и како такви се подобни за натамошно постапување“*, велат од Бирото за застапување.

Според терминологијата на судот, апликациите најпрво се „комуницираат“ до Бирото и владиниот агент заради произнесување по пат на поднесување на писмени опсервации за основаноста и допуштеноста на конкретната апликација. Дури по две такви произнесувања, вклучително и подготовка на опсервации и коментари на Владата по однос на барањето на апликантите за правично обесштетување, ЕСЧП може натаму да го процесуира предметот се до донесување на пресуда. Како апликанти во постапката пред судот во Стразбур можат да се јават физички или правни лица, невладина организација или група поединци кои тврдат дека се жртва на повреда на правата од Конвенцијата или Протоколите.

Анализирајќи ја структурата на предметите против Република Македонија, кои се комуницирани до македонската Влада во текот на изминатите 15 години, во периодот од 1997 до 2015 година имало вкупно 719 жалби до Судот во Стразбур. Најголеми забелешки жалителите имале заради текот на граѓанските, а особено на парничните постапки во домашниот правен систем, меѓутоа значителен број на жалбите се однесуваат и на  кривичните и на управните постапки.

## ЦРВЕНА ЛИНИЈА НА НОВИНАРСКАТА ЕТИКА

Границата на новинарскиот израз се дефинира во Кодексот на новинарите на Македонија. Клучно е новинарите да ги проверат нивните информации пред да ги објават, најмалку од два независни извори, а тогаш кога тоа е неможно мора да наведе дека се работи за непотврдени информации или шпекулации. Новинарите мора да обезбедат втора страна во приказната, особено кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања за некого или кога некој е предмет на на напад и критика. Тоа е црвената граница на новинарската етика која ниеден професионален новинар не смее да ја премине.

Што се однесува до законското ограничување на слободата на говорот, Европскиот суд црвената линија ја разграничува со лошата намера на новинарот. Тоа е ситуацијата кога некој новинар свесно клевети и навредува со цел да ја наруши репутацијата и достоинството на некоја личност. Судот при разгледување на овие предмети освен вистинитоста на фактите, проверува дали новинарот имал лоша намера кога објавувал некоја приказна. Судот ќе смета дека новинарот немал лоша намера да клевети ако докаже дека немал лични причини да навредува некого, направил доволен напор да ја провери информацијата, побарал изјава од засегнатата страна и приказната ја пишува согласно професионалните стандарди на објективност и непристрасност.

*„Не е својствено за еден професионален новинар да користи вулгарен јазик во комуникација со јавноста. Тој има обврска како новинар да ја негува културата на говорот и етиката затоа што мора да води сметка за угледот и достоинството на новинарството како професија.Во слободни и демократски земји политичарите во принцип не тужат новинари и медиуми. Ова лекција мора да ја научат и македонските политичари“,* вели првиот човек на ЗНМ, ***Насер Селмани***.

Слични укажувања има и поранешната министерка за правда ***Мери Младеновска***. Според неа, јавните личности и носителите на политички и државни функции со самиот факт што прифатиле да бидат носители на вакви функции, нивниот степен на толеранција во однос на сите прашања коишто може да се наметнат во јавноста за начинот на којшто ја извршуваат функцијата треба да биде многу поширок за да може да зборуваме дека станува збор за едно демократско општество.

*„Повеќе е за очекување некој обичен граѓанин којшто не врши никаква функција доколку се чувствува наклеветен, навреден да поднесе тужба отколку јавна личност. Но, во РМ напротив, најосетливи се покажа во последниве години се носителите на државни функции“,* децидна е Младеновска.

Поранешната судијка во Стразбур, ***Маргарита Цаца Николовска*** вели дека во Македонија има обратна примена на праксата на Европскиот суд за човекови права.Политичарите во Македонија не сфатија дека тие се предмет на поголемо набљудување од страна на јавноста, тие вршат јавна функција и дека нормално е интересот за нивното однесување да биде презентиран и преку медиумите во сите форми.

*„Тоа што тие се чувствуваат, во одредена ситуација навредени или наклеветени, во голем број случаи на предметите не е во сообразност со стандардите на ЕКЧП во делот на слободата на изразување и обавување на новинарската дејност, којашто треба да се обавува професионално и да ги има новинарот предвид сите стандарди кои се основ и за добро новинарство и за избегнување на замките во коишто можеби политичарите сметаат дека пропаднале“*, додава таа.

**МАКЕДОНСКОТО СУДСТВО „ГЛУВО“ ЗА УКАЖУВАЊАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД**

Иако во последниов период се’ повеќе се бара праксата на европските судови да се применува и кај нас во однос на тужбите за клевета и навреда, факт е дека македонското судство се’ уште нема доволен слух за ова прашање. Сепак, може да се каже дека има благо поместување во однос на имплементирањето на практиките од Стразбур во македонското судство во однос на поранешната состојба.

*„Недостига обученост на тие што ја применуваат праксата од Стразбур, а во одредени случаи и од други причини таа не се применува. Постои и политички притисок, според мое мислење, да се донесе соодветна одлука во одредена насока, и таква одлука се носи и покрај тоа што таа е целосно спротивна на праксата на Стразбур“*, вели за СКУП адвокатот **Филип Медарски.**

Политичарите и јавните личности мора да имаат повисок праг на толеранција на критика, затоа што со прифаќањето на јавната функција, свесно прифатиле приватноста да им биде подложена на критика. Судовите, пак, при донесувањето на пресудата треба да ја почитуваат праксата на Европскиот суд за човекови права, според кој слободата на изразувањето вклучува можност за провокации кога се работи за теми кои се од интерес на јавноста. Новинарите треба да провоцираат, а политичарите треба да имаат цврст стомак и да ги проголтаат критиките. За разлика од европската практика, во македонските судови ретко може да се види пресуда во чие образложение се цитираат ставови на Европскиот суд.

Од Основниот суд Скопје 2 не изнесуваат конкретни податоци за процентот на случаи во кои што биле применети европските укажувања, но велат дека во постапката за утврдување на одговорноста за навреда и клевета и надомест на штета судот покрај одредбите од домашните закони, ги применува и Европската конвенција за заштита на човековите права и практиката на Европскиот суд за човекови права, а каде се предвидени критериумите и околностите кои влијаат врз утврдувањето на висината на штетата.

Сепак, анализата на статистичките податоци од судовите во внатрешноста на земјава, покажува дека во периодот од 2011 до 2016 година се поднесени над 1.000 тужби по основ на навреда и клевета. Во само дваесетина од пресудите кои што се правосилни, судиите се повикале на членот 8 или 10 од ЕКЧП и на конкретни предмети од јурисдикцијата на овој суд. На пример во судот во Куманово во 2011 и 2012 година, од вкупно 18 предмети – во 5 од случаите при донесувањето на пресудата судијата се повикал на членот 8 или 10 од ЕКЧП. Слична е состојбата и во 2014 година, каде истиот суд од вкупно 6 предмети, во 2 случаи се повикал на европските практики и искуства. Во судот во Велес, пак, во 2014 година од осум предмети за навреда и клевета – во 4 од пресудите судот се повикал на праксата на европскиот суд. Додека во 2015 година – во само два од случаите.

Европската практика, иако недоволно, сепак, успеала да „продре“ и во штипскиот суд, каде од вкупно девет предмети за навреда и клевета во 2014 година – во два од нив судиите се повикале на искуства од Стразбур. За разлика од нив, судовите во Битола и Струмица се уште ги немаат отворено вратите за искуствата однадвор. Во струмичкиот суд од 78 завршени предмети во периодот од 2013 до 2016 година – во ниту еден од предметите судиите не се повикале на членот 10 и конкретни предмети од јурисдикцијата на ЕСЧП.

Од предметите кои пристигнале до сега пред Судот во Стразбур, од страна на македонските судии се уште не се користи или доволно или правилно праксата на Европскиот суд за правата на човекот, потврдува и поранешната судијка во ЕСЧП, ***Мирјана Лазарова Трајковска.***

*„Праксата на Европскиот суд постојано се надоградува, проширува, дообјаснува. Во тие рамки, колку е важна слободата на изразување, може да видите и од фактот што во изминатите две години, од вкупно 40 пресуди на Големиот судски совет (кој ги утврдува најважните пресуди) 10 пресуди се поврзани за различни аспекти на*



Мирјана Лазарова Трајковска

*слободата на изразување“,* објаснува судијката **Трајковска.**

**БОСАНСКИ ИСКУСТВА**

Правејќи споредба со искуствата во Босна, поранешната судијка во Стразбур, ***МаргаритаЦаца Николовска*** како потпретседател на Уставниот суд на БиХ, вели дека во делот на предмети за слобода на изразување не е многу големо од едноставна причина што – нема предмети. Тоа, од друга страна, покажува дека многу работи се вршат на сосема друг начин. Тоа значи дека новинарите многу попрофесионално си ја извршуваат работата, од една страна, од друга страна иако има предмети во редовно судство, странките се задоволни со одлуката на редовните судства и не аплицираат во Уставниот суд на БиХ за евентуална повреда на правото на слобода на изразување. Уставот и надлежноста на Уставниот суд на БиХ се многу широки и даваат можност директно да се аплицира до Уставниот суд за повреда на ова право и во дадената ситуација кога се применува таа пракса правилно тогаш не може да се згреши во однос на примена на стандардите.

## ДВЕ ПРЕСУДИ – ПАТОКАЗ ЗА СУДИИТЕ

Во досегашната практика на Европскиот суд за човекови права во Стразбур има голем број случаи каде што новинари, уредници и медиуми ги добиле судските спорови, кои со години упорно ги губеле во домашните судски институции. Две пресуди се особено важно од практиката на Судот во Стразбур, во кои тој има заземено битни ставови во врска со слободата на изразување од член 10 од Европската конвенција за човекови права. Карактеристично за овие пресуди е што во двата случаја апликантите биле осудени од националните судови за кривично дело клевета, за потоа судот да најде дека со ваквата осуда е повредена слободата на изразување.

**Случај „Лингенс против Австрија“**

Случајот на австрискиот новинар Лингенс, кој бил уредник на магазинот „Профил“, е еден од покарактеристичните случаи кои поминале низ лавиринтите на австриското судство за своја разрешница да добијат и пред Судот во Стразбур. Од тужен, тој на крајот од процесот не само што го добил судскиот спор во своја корист, туку и му била исплатена висока парична отштета, бидејќи му била повредена слободата на изразување.

Се’ започнало во октомври 1975 година, по парламентарните избори во Австрија, кога Симон Визентал, претседател на Еврејскиот документациски центар, го обвинил Фридрих Петер, претседател на Австриската либералната партија, дека служел во СС–дивизијата за времето на Втората светска војна. Станува збор за единица која била озлогласена по тоа што неколкупати има извршено масакр над цивили во Русија. Новинарот Лингенс објавил два написа за „случајот Питер“, во кои, меѓу другото, го критикувал Бруно Крајски, пензиониран претседател на

Австриската социјалистичка партија, кој во телевизиско интервју му дал поддршка на Петер.

Еден месец по објавените текстови, новинарот Лингенс добил две приватни кривични тужби. Крајски, кој во меѓувреме станал премиер на Австрија, сметал дека написите се штетни за неговата чест и угледот. Домашните судови во неколку наврати донеле пресуда со која новинарот бил казнет да плати 20 илјади шилинзи поради употреба на изразите „неоснoвен опортунизам“ „неморален“ и „недостоинствен“. Откако ги исцрпил сите жалби во судовите во Виена, новинарот се обратил до Судот во Стразбур. Во 1986 година судот донел одлука во корист на новинарот и ја задолжил Австрија да му исплати над 280 илјади шилинзи, оценувајќи дека неговата осуда е упад во слободата на изразување. Судот утврдил дека сите факти во написите се вистинити, но и дека слободата на изразување е една од основните слободи во демократското општество и еден од главните предуслови за негов прогрес. Дури и кога се објавуваат информации кои можат да навредат, шокираат или вознемират.

**Случајот Бладет Тромсо и Стенсас против Норвешка**

Станува збор за серија написи кои ги објавил новинарот Линдберг за прекршувањата на прописите при лов на фоки. Тој дури бил назначен и за инспектор на бродот „Хармони“, специјализиран за лов на фоки, каде што одблиску ја следел целата постапка. Екипажот на бродот повел постапка за клевета против новинарот, по што бил осуден и обврзан да плати 10 илјади круни. Тужен бил и весникот каде бил објавен серијалот написи, по што следела жалба до Судот во Стразбур. Европскиот суд и во овој случај донел пресуда во корист на тужените, утврдувајќи дека постои повреда на слободата на изразување и ја задолжил Норвешка да им исплати над 300 илјади куни како надомест на штета на новинарот и на медиумот. Судот одлучил дека функцијата на медиумите е да изнесуваат информации и идеи кои се од интерес за јавноста, како и тоа дека

новинарската слобода подразбира можност во некои случаи да се прибегне и кон предимензионирање, па дури и провокација.

***О**ваа истражувачка сторија е изготвена во склоп на проектот „Истражувачко новинарство чувар на демократијата и човековите права“, финансиран од Европската Унија и Британската амбасада во Скопје. Содржината на истражувачката сторија е единствена одговорност на авторот и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија и Британската амбасада во Скопје.*
*Истражувачката сторија е изработена во рамки на договорот „Заштита на правата преку истражувачко новинарство”, поддржан преку проектот „Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права“ и имплементиран од Центар за управување со промени и Институт за човекови права.*
*Содржината на истражувачката сторија не ги одразува гледиштата и ставовите на организациите кои го имплементираат проектот.*

British Embassy Skopje

Центар за Управување со Промени

Институт за човекови права

## Оставете коментар

0 коментар(и)

0 Comments Sort by Oldest

Add a comment...

Facebook Comments Plugin

Tweet Like 0 Share G+1 0



ПРЕТХОДНО
Живот во болниците: Картони наместо завеси, вода од бунар наместо од чешма

Контакт

Copyright © 2015 СКУП Македонија